Димка МИТЕВА

ПОВОД: 80 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА Д-Р ЉУБИЦА СТАНКОВСКА, ЛИНГВИСТ-ОНОМАСТИЧАР

# *Речник на личните имиња кај Македонците*

Користејќи свои исписи на лични имиња од многубројни извори (постари и современи), како и таквата граѓа во Институтот за македонски јазик, Љубица Станковска издаде Речник на личните имиња кај Македонците (Скопје 1992, 478 стр.). Авторката има претставено околу 23.500 лични имиња, распределени, по азбучен ред, во две групи: машки и женски. Тоа се имиња на Македонските Словени од нивното населување на Балканот до најново време (VI–XX век), „во својата основна или изведена форма, како заглавна единица, и сите нејзини откриени варијанти". Кон личното име „се даваат податоци и информации за соодветното име, а имено: по формата на личното име... се даваат податоци за неговото можно етимолошко потекло или толкување"[1]. Авторката дава и други корисни информации.

Еве, за илустрација, извадоци од текстот на овој речник:

**Габе**, од Габер, Габриел итн.
**Габер**, им. габер (Carpinus betulus).
**Габо**, од Габер, Габриел итн.
**Габре**, од Габер, Габриел, XV век.
**Габрил**, од Габриел.
**Габро**, од Габер, Габриел.
**Гаве**, од Гаврил, XIX век.
**Гави**, од Гаврил.
**Гавил**, од Гаврил.
**Гавилко**, изведено од Гавил + -ко.

---

[1] Љубица Станковска, Речник, цит. дело, стр. 7 (фуснота 11). Имињата се печатени во две колони.

**Гавилче**, изведено од Гавил + -че.
**Гавка**, изведено од Гав(о) + -ка.
**Гавке**, од Гавко.
**Ѓако**, од Драго, Драган итн.
**Ѓале**, в. Гале, XIX век.
**Ѓанаки**, в. Јанаки.
**Ѓанако**, од Ѓанаки.
**Ѓанго**, изведено од Ѓан(о) + -го.
**Ѓане**, в. Јане.
**Ѓанзи**, изведено од Ѓан(о) + -зи.
**Ѓани**, итал. Gianni од Giovanni <лат. *Iohannes, в. Јован.*
**Ѓанко**, изведено од Ѓан(о) + -ко.
**Ѓанкула**, изведено од Ѓанк(о) + -ула.
**Ѓано**, в. Јано XVII-XVIII век.
**Ѓанули**, изведено од Ѓан(о) + -ули.
----------

Вид. Димка Митева, Македонска лексикографија. Струм-Скоп, Скопје 1995, стр. 37–38.

„Речникот на имињата кај Македонците", излезен од перото на мојата колешка, д-р Љубица Станковска, е речничко богатство и солиден придонес кон изучувањето на македонската ономастика, т.е. антропонимија. Овој Речник (веќе одамна исцрпен), во изминатите години, се покажа како многу корисен и неодминлив научен труд не само за домашните корисници, ами и за македонисти и слависти од други средини и држави.

На ова место, а по повод 80 години од раѓањето на Станковска, ќе го претставам, компетентно и нагледно, бидејќи имам магистрирано на македонската ономастика, мојот впечаток за инвентивноста и корисноста на овој речник. Со негова помош многу лесно и брзо ги етимологизирав топонимите, коишто во најголем дел се образувани со основи на лични имиња. Тој Речник, буквално, отвора очи.

Примерите ќе ги дадеме под насловот: *Грст топоними со почетна буква Н, О, П, Р* (извадок од мојот труд:

„Ономастички истражувања за Радовиш“, образувани со лични имиња, сите регистрирани во трудот на Љубица Станковска, „Речник на личните имиња кај Македонците“ (објавен по пат на самофинансирање во Скопје 1992 година).

**Небојшева Воденица** – воденица во селото, с. Лубница; (топоним изведен од хипокористичното машко лично име *Небојше* од *Небој* + суф. *-ева* + именката *воденица*).

**Невенинка**[1] – бавчи, с. Загорци; (топоним образуван од женското лично име *Невена* + посесивниот суф. *-инка*).

**Невенинка**[2] – нива, с. Долни Липовиќ; (топоним образуван од женското лично име *Невена* + посесивниот суф. *-инка*).

**Негомилка** – нива, с. Долни Липовиќ; (од машкото лично име *Негомил* + суф. *-ка*).

**Негреновска Чешма** – чешма, с. Ракитец; (од машкото лично име *Негрен* + суф. *-овска* + *чешма*).

**Негреновски Пат** – пат, с. Ракитец.

**Негрова Воденица** – месност, с. Гарван; (од хипокористичното машко лично име *Негро* од *Негрен* + посесивниот суф. *-ова* + именката *воденица;* Воденицата на Негро).

**Негрово** – месност, с. Гарван; (од машкото лично име *Негро* од *Негрен* + суф. *-ово*).

**Недевско Трлиште** – месност, с. Лубница; (од хип. машко лично име *Неде* + суф. *-евско* + именката *трло -иште*).

**Немчова** – месност, с. Гарван; (од м. лично име *Немчо* + суф. *-ова*).

**Ненкова Нива** – нива, с. Дедино; (од хип. машко лично име *Ненко* од *Ненад* + суф. *-ова* + именката *нива*).

**Ненкови Нивја** – ниви, шума, с. Дедино; (од хип. машко лично име *Ненко* од *Ненад* + суф. *-ови* + именката *нива -ја*).

**Неново Трло** – месност, с. Гарван; (од хип. машко лично име *Нено* од *Ненад* + суф. *-ово* + именката *трло*).

**Нехраново** – месност, с. Гарван; (од машкото лично име *Нехран* + суф. *-ово*).

**Нехраново Гумно** – месност, с. Гарван; (од машкото лично име *Нехран* + суф. *-ово* + *ѓумно*).

**Ниже Јарова Нива** – нива, с. Злеово; (од предл. *ниже* + машко лично име *Јаро* од *Јаромир* + *-ова* + *нива*; Под Јарова Нива).

**Ников Рид** – рид, с. Дедино; (од хип. машко лично име *Нико* од *Никоѕин* + *-ов* + именката *риѕ*).

**Никола Ѓорѓиев Бунар** – бунар во дворот на Горна Маала, с. Дедино; (бунар на Никола Ѓорѓиев); [од *Никола, Ѓорѓи*].

**Никола Илиев Бунар** – бунар во дворот на Никола Илиев во Горна Маала, с. Дедино; (бунар на *Никола Илиев*).

**Никола Илиеви Варници** – две варници во дворот на Никола Илиев, с. Дедино; (варници на *Никола Илиев*).

**Николаќев Млин** – мелница во селото, с. Ракитец; (од машкото лично име *Николаќе* од *Никола* + *-ев* + именката *млин;* млин на Николаќе).

**Николец** – извор во планината, с. Гарван; (од хипокористичното машко лично име *Николе* од *Никола* + суф. *-ец*).

**Николова Нива** – нива, с. Горни Липовиќ; (од машкото лично име *Никола* + суф. *-ова* + имеката *нива*; нива на Никола).

**Николово Лозје** – лозје во месноста Река, с. Конче; (од машкото лично име *Никола* + суф. *-ово* + имеката *лозје*; лозје на Никола).

**Николово Орниче** – шума, с. Дедино; (од машкото лично име *Никола* + суф. *-ово* + дем. именка *орниче*; орниче на Никола).

**Ногаја** – месност, с. Лубница; (топоним рамен на машкото лично име *Ноѓаја*).

**Ногато Брдо** – брдо, с. Лубница; (според прид. *ноѓаш* + *брѕо*, метафорично: *брѕо шшо е како кај ноѓа, со изѓлеѕ на ноѓа*).

**Нузурски Бунар** – бунар, с. Ракитец; (од машкото лично име *Нузур* + суф. *-ски* + *бунар*).

**Нушевски Јабукарник** (дијал.) – нива во месноста Пачалевица, с. Конче; од хип. машко лично име *Нуше* од *Јануш* + суф. *-евски* + дијал. именка *јабукарник*; (јаболкарник на Нуше).

**Облешево** – месност, с. Гарван; (од машкото лично име *Облеш* + суф. *-ово*).

**Овев Прелог** – прелог, с. Гарван; (од машкото хипокористично име *Ове* од *Јове* + суф. *-ев* + именката *ӣрелоḡ*).

**Овенец** – ритче, с. Гарван; (од м. лично име *Овен* од *Јове* + суф. *-ец*).

**Огнена Чука** – чука, с. Гарван; (од машкото лично име *Оḡнен* + *чука*; чуката на Огнен).

**Огненово Возвишение** – баир, с. Гарван; (од машкото лично име *Оḡнен* + суф. *-ово* + *возвишение*).

**Огнова Нива** – нива, с. Конче; (од машкото лично име *Оḡно* од *Оḡнен* + суф. *-ова* + именката *нива*; нивата на Огно).

**Ораси** (дијал.) –ниви, с. Габревци; *Ореви*.

**Орашец** – месност, с. Габревци; (од машкото лично име *Ораш* + суф. *-ец*).

**Орлово** – бавчи, с. Горни Липовиќ; (од машкото лично име *Орло*). Но: **Орлово Седалко** – рид, с. Гарван; (од прид. *орлов* + *сеgалко*).

**Орманова Ливада** –ливада, с. Гарван; (од м. име *Орман* + суф. *-ова* + *ливаgа* или од апелативот *орман*).

**Орово** – ниви, с. Горни Липовиќ; (според хип. од *Орgан, Јорgан* + суф. *-ово*)

**Осипци** – месност, с. Лубница; (од машкото лично име *Осиӣ* + патронимичниот суфикс *-ци*).

**Осипче** – ниви, лозја, с. Лубница; (топним рамен на хипокористичното име *Осиӣче*).

**Османова Бавча** (дијал.) – стар локалитет во градот Радовиш, на којшто се наоѓаат денешните градски гробишта; (од тур. машко лично име *Осман* + суф. *-ова* + именката *бавча*).

**Османска Нива**[1] – нива на Осман, с. Долни Липовиќ, (презимето *Османски* + нива).

**Османска Нива**[2] – нива на Осман, с. Лубница, (*Османски* – презиме).

**Осмачка Нива** – месност; с. Гарван; ) (од м. лично име *Осмак* + *-ка* + *нива*, нива на Осмак, *Осмачки* – презиме).

**Павле Пешови Сливи** – нива во м. Раздолци; (сливи на *Павле Пешов*).

**Павле Пешово Лозје** – нива во м. Лозја; (лозје на *Павле Пешов*).

**Павлевица** – нива, с. Гарван; (од машкото лично име *Павле* од *Павел* + суф. *-евица*).

**Павлинин Бунар** – бунар, с. Гарван; (од женското лично име *Павлина* + посвојниот суфикс *-ин* + *бунар*; бунар на Павлина).

**Павло Павлова Варница** – варница во дворот на Павло, с. Горни Липовиќ; (варница на *Павло Павлов*).

**Павлова Варница** – варница, с. Ракитец; (варница на *Павло*).

**Пављо Божинова Варница** – варница во селото, с. Горни Липовиќ; (варница на *Пављо Божинов*).

**Палин Трап** – шума, с. Долни Липовиќ; (од машкото лично име *Палин* + *трап* или ж. л. име *Пала* од *Павлина* + *трап*).

**Пано Спасово Лозје** – ископачено лозје во месноста Сеник, с. Лубница; (лозје на *Пано Спасов*).

**Панов Бунар** – бунар, с. Ракитец; (од хипокористичното машко лично име *Пано* од *Панајот* + суф. *-ов* + *бунар*; (бунар на *Пано*).

**Панова Чешма** – чешма, с. Ракитец; (од хип. м. име *Пано* од *Панајот* + суф. *-ов* + *чешма*; (чешма на *Пано*).

**Папино** – некогашна населба, с. Злеово; (топоним образуван од машкото лично *Папа* од *Папас* или женско лично име *Папа* од *Павлина* + суф. *-ино*).

**Папински Гробишта** – месност, с. Злеово; (секундарно образување според *Папино;* гробишта во Папино).

**Папински Кладенец** – месност, с. Злеово; (секундарно образување според *Папино;* кладенец во Папино).

**Папински Лозја** – ниви, с. Злеово; (секундарно образување според *Папино;* лозја во Папино).

**Папински Ширини** – рамна месност, с. Злеово; (секундарно образување според *Папино;* ширини во Папино).

**Парлапанска Воденица** – воденица на Парлапански, с. Злеово; (*Парлапански* – прзиме + *воденица*).

**Парлевица** – нива, с. Злеово; (од м. име *Парле* од *Аспарух, Партениј* и сл. + суф. *-евица*).

**Парменци** – ниви, с. Габревци; (од м. лично име *Пармен* + патронимичниот суфикс *-ци*).

**Пат Спасовица** – пат за м. Спасовица, с. Загорци (според личното име *Спасо* + суф. *-овица*).

**Пацина Чешма**[1] – чешма, шума, с. Дедино; (од ж. лично име *Паца* + посесивниот суф. -ина + *чешма*).

**Пацина Чешма**[2] – чешма, с. Габревци; (од ж. лично име *Паца* + посесивниот суф. -ина + *чешма*).

**Пачелевица** – ниви, река, с. Конче; (од машкото лично име *Пачел* + посесивнит суфикс *-евица*).

**Пачеви Круши** – ниви, Радовишко; (од машкото лично име *Паче* + суф. *-еви* + *круша*).

**Пашини Бресја** – река, шума, с. Дедино; (од *Паша* + мн. суф. *-ини* + *брест -ја*).

**Пејкови Чаири** – ливади, с. Долни Липовиќ; (од м. лично име *Пејко* + суф. *-ови* + *чаир* -и).

**Пенгачова Ковачница** – стар локалитет во градот Радовиш (поточно во Тиќето), на којшто некогаш имало ковачница; (од машкото лично име *Пенгач* од *Пенго* + суф. *-ова* + именката *ковачница*).

**Пенова Ковачница** – стар локалитет во градот Радовиш (поточно во Тиќе), каде што некогаш имало ковачница; (од машкото лично име *Пено* + суф. *-ова* + *ковачница*).

**Пеново Лозје** – лозје во месноста Река, с. Конче; (од машкото лично име *Пено* + суф. *-ово* + *лозје*).

**Пенчова Варница** – варница во селото, с. Ракитец; (од хипокористичното машко лично име *Пенчо* + суф. *-ова* + *варница*).

**Пенчовица**[1] – нива, с. Ракитец; (од хипокористичното машко лично име *Пенчо* + *-овица*).

**Пенчовица**[2] – ниви, с. Гарван; (од хипокористичното машко лично име *Пенчо* + *-овица*).

**Пепелкова Нива** – нива, с. Конче; (*Пепелков* + *нива*).

**Перкова Чука** – ритче, шума, с. Дедино; (од м. лично име *Перко* + суф. *-ова* + *чука*).

**Перушина Нива** – нива на некојси по име Перушин, с. Гарван; (од женското лично име *Перуша* + суф. *-ина* + *нива*).

**Петкашин Завет** – удолница под селото, с. Гарван; (од м. лично име *Петкашин* + именката *завет*).

**Петков Дол** – дол, с. Дедино; (од м. лично име *Петко* + *-ов* + *дол*).

**Петков Рид** – ниви, с. Дедино; (од м. лично име *Петко* + *-ов* + *рид*).

**Петкова Груица** // Петкова Грујовица – шума, с. Габревци; (од м. лично име *Петко* + *-ов* + *Груица* од *Грујо*).

**Петкова Грујовица** // Петкова Груица – шума, с. Габревци; (од *Петко* + *Грујо* + суф. *-овица*).

**Петкова Куќа** – маало во селото, с. Габревци; (од *Петков* + *куќа*).

**Петкова Чешма**[1] – чешма во селото, с. Конче; (од *Петко, Петков* + *чешма*).

**Петкова Чешма**[2] – чешма во селото, с. Ракитец; (од *Петко, Петков* + *чешма*).

**Петкова Чука** – чука, рид, с. Габревци; (од *Петко, Петков* + *чука*).

**Петковски Бунар** – бунар на Петковски, с. Злеово; (*од Петко, Петковски* + *бунар*).

**Петрашина Нива** – нива на Петрашин, с. Гарван; (од м. л. име *Петрашин* + *нива*; нива на *Петрашин*).

**Петре Лазарово Лозје** – лозје во месноста Баалар Јоли, с. Лубница; (лозје на *Петре Лазаров*).

**Петрева Варница** – варница во Буковиќ, с. Ракитец; (варница на *Петре – Петрев*).

**Петревска Варница** – варница во Грамади, с. Ракитец; (варница на *Петревски*).

**Петривојска Кривина** – пат, с. Гарван; (според машкото лично име *Петривој* + *-ска* + *кривина*).

**Петрина** // Трајчовица // Ѓупка – нива, с. Злеово; (од ж. лично име *Петра* + суф. *-ина*).

**Петров Дол**[1] – дол, шума, чешма, с. Долни Липовиќ; (од м. лично име *Петар* + суф. *-ов* + *дол*).

**Петров Дол**[2] – дол, с. Дедино; (од м. лично име *Петар* + суф. *-ов* + *дол*).

**Петров Рид**[1] – дол, с. Дедино; (од м. лично име *Петар* + суф. *-ов* + *рид*.

**Петров Рид**[2] – рид, с. Долни Липовиќ; (од м. лично име *Петар* + суф. *-ов* + *рид*).

**Петрова Варница** – варница во Ракичка Река, с. Ракитец; (од м. лично име *Петар* + суф. *-ова* + именката *варница*).

**Петрова Чешма**[1] – чешма во Петров Дол, с. Долни Липовиќ; (од м. лично име *Петар* + суф. *-ова* + именката *чешма*).

**Петрова Чешма**[2] – чешма, с. Горни Липовиќ; (од м. лично име *Петар* + суф. *-ова* + именката *чешма*).

**Петровец** – пл. врв, с. Долни Липовиќ; (од м. лично име *Петар* + суф. *-овец*).

**Петровица** – нива, с. Гарван; (од м. лично име *Петар* + суф. *-овица*).

**Петровски Млин** – мелница за брашно во селото, с. Ракитец; (од *Петровски* + *млин*).

**Петруш Коцево Лозје** – нерезина во месноста Осипче, с. Лубница; (лозје на *Петруш Коцев*).

**Пешови Сливи** – нива во м. Раздолци, с. Гарван; (сливи на *Пешо*).

**Пешово Лозје** – нива во м. Лозја, с. Гарван; (лозје на *Пешо*).

**Пинговец** – месност, с. Лубница; (од м. лично име *Пинго* + *-овец*).

**Пинци** – месност, с. Габревци; (од *Пино* + -ци).

**Пинчиница** – шума, пасиште, с. Габревци; (од м. лично име *Пинчин, Пинчо* + суфиксот *-ин/ица*).

**Пирчева Нива** – нива, с. Лубница; (од хипокористичното машко лично име *Пирче* + суф. *-ева* + *нива*).

**Пишин Дол** // Почетен Дол – ниви, с. Конче; (од дијал. збор *йишин* + *дол* или поневеројатно од машкото лично име *Пишин*).

**Плаз** – стрмен брег, дол, с. Загорци; (топоним рамен на именката *йлаз* или на личното име Плас(о).

**Покрајчевско** – покрајчевски синор, с. Злеово; (секундарно образуван топоним од Покрајчево – покрајчевски крај, а изведено од хипокористичното машко лично име *Покрајче* + суф. *-евско*).

**Покрајчески Пат** – пат кон с. Покрајчево; с. Злеово (од хипокористикот *Покрајче*).

**Полешанци** – ниви, Радовиш; (од машкото лично име *Полеша* + суф. *-анци*).

**Понков Рид** – рид, с. Лубница (има во селото фамилија Понковци); (од хип. м. лично име *Понко* + суф. *-ов* + *рид*).

**Понкова Долчина** – месност, с. Лубница; (од хип. м. лично име *Понко* + суф. *-ов* + *долчина*).

**Понудова Нива** – нива, с. Габревци; (од машкото лично име *Понуда* + суф. *-ова*).

**Понудица** – месност, с. Габревци. // Понудова Нива; (од машкото лично име *Понуда* + суф, *-ица*).

**Поп-Илиев Димитрушов Ан** – стар локалитет во градот Радовиш, на којшто некогаш имало ан: (од машките лични имиња *Илија* и *Димийруш* + *ан*).

**Поплевци** – ниви (од м. име *Пойле* + *-евци*).

**Попов Дол**[1] – шума, дол, с. Дедино; (од машкото лично име *Пой* + суфиксот *-ов*).

**Попов Дол**[2] – дол, с. Габревци; (од машкото лично име *Пой* + суфиксот *-ов*).

**Попов Камен** – месност, с. Злеово; (од машкото лично име *Пой* + суфиксот *-ов*).

**Попов Рид** – рид, с. Дедино; (од машкото лично име *Поп* + суфиксот -*ов*).

**Попова Чука** – ниви во ридот, с. Конче; (од машкото лично име *Поп* + суфиксот -*ов*).

**Попова Шапка** – месност, с. Лубница; (од машкото лично име *Поп* или *поп* + суфиксот -*ов*).

**Попова Шапка Пат** – 1. пат за Попова Шапка. 2. пат за Скоруша, с. Лубница.

**Поповец** – возвишение, с. Габревци; (од машкото лично име *Поп* или *поп* + суфиксот -*овец*).

**Поповка**[1] – нива, с. Злеово; (од имеката *поп, Поп* + -*овка*).

**Поповка**[2] – ритка, с. Габревци; (од имеката *поп, Поп* + -*овка*).

**Поповска Воденица** – воденица во Радешка Река, с. Лубница; (воденица на *Поповски* од *Поп*, *поп* + -*овска* ).

**Поповска Нива** – нива, с. Лубница.

**Поповци Лозја** – лозја во месноста Сува Чешма, с. Конче; (од патронимичното образување *Поповци* + *лозје*).

**Пошtаница** – нива, с. Лубница; (од м. лично име *Пош-тан* + суф. -*ица*).

**Поштаница Чешма** – чешма, с. Лубница; (од м. лично име *Поштан* + суф. -*ица* + *чешма*).

**Прекоп**[1] – месност, с. Лубница; (топоним рамен на именката *прекоп* или на машкото лично име *Прекоп*).

**Прекоп**[2] – месност, с. Злеово; (топоним рамен на именката *прекоп* или на м. л. име *Прекоп*).

**Прекопски Пат** – пат за месноста Прекоп, с. Лубница; (од м. лично име *Прекоп* + -*ски* + *пат*).

**Прекопски Рид** – рид, с. Лубница; (од м. лично име *Прекоп* + -*ски* + *рид*).

**Прнев Чаир** – ливада, с. Лубница; (од хип. м. име *Прне* + суф. -*ев* + *чаир*).

**Прнева Нива** – нива, с. Лубница; (од хип. м. име *Прне* + суф. -*ев* + *чаир*).

**Пројово** – месност, с. Горни Липовиќ; (од хипокористичното име *Пројо* изведено од *Продан* + суфиксот *-ово*).

**Проќев Рид** – рид, с. Дедино (од хипокористичното машко лично име *Проќе* изведено од *Продан, Прокопиј* + суф. *-ев* + *рид*).

**Пршева Вагленарница** – јагленарница во месноста Пршево, с. Лубница; (од хипокористичното машко лично име *Прше* изведено од *Продан*, *Првослав* и сл. + суф. *-ев* + дијалектната именка *вагленарница*).

**Пршевица** – нива покрај реката Пршево, с. Лубница; (од хипокористичното машко лично име *Прше* изведено од *Продан*, *Првослав* и сл. + суф. *-евица*).

**Пршево**[1] // Река – река, с. Лубница; (од хипокористичното машко лично име *Прше* изведено од *Продан*, *Првослав* и сл. + суф. *-ево*).

**Пршево**[2] // Река – река, с. Ракитец; (од хипокористичното машко лично име *Прше* изведено од *Продан*, *Првослав* и сл. + суф. *-ево*).

**Пршево**[3] – ниви, река, с. Конче; (од хипокористичното машко лично име *Прше* изведено од *Продан*, *Првослав* и сл. + суф. *-ево*).

**Пунковски Бунар** – бунар во селото, с. Габревци; (од хипокористичото име *Пунко* изведено од *Паун* + суф. -овски + *бунар*).

**Пушевица** – дол, шума, с. Горни Липовиќ; (според машкото хипокористично име *Пуше* од *Аспарух* + суф. *-евица*).

**Ра̀нкова Фурна** – стар локалитет во градот Радовиш, на којшто имало фурна; (според машкото лично име *Ранко* + суф. *-ов* + именката *фурна*).

**Раданска** – маало во градот Радовиш; (според машкото лично име *Радан* + суф. *-ска*).

**Радеш** – месност, с. Лубница; (топоним рамен на машкото лично име *Радеш* образувано од *Рад, Радо*).

**Радешка Река**[1] – река се влева во Мантово, с. Лубница; (од *Радешки* + *река*).

**Радешка Река**[2] – река, с. Габревци.

**Радешки Дол** – дол, с. Лубница.

**Радешки Пат** – пат за Радеш, с. Лубница.

**Радешки Рид**[1] – рид, ниви (тука било с. Радеш), с. Лубница.

**Радешки Рид**[2] – рид, с. Габревци.

**Радешки Рид Пат** – 1. пат за езерото Мантово. 2. пат за с. Габревци. 3. пат за Штип, с. Лубница.

**Радилова Вагленарница** (дијал.) – јагленарница, с. Загорци; (од машкото лично име *Радил* + суф. -ов + дијалектизмот *вагленарница*).

**Радин Дол** – дол, ниви, с. Конче; (според женското лично име *Рада* + суф. *-ин* + именката *дол*).

**Радичевско** – радичевски крај, с. Злеово; (секундарно образување од *Радичево* – име на село; изведено од машкото лично име *Радич* + суф. *-ско*).

**Радически Пат** – пат кон с. Радичево, с. Злеово.

**Радни Дол** – Вид. Радин Дол, с. Конче; (од машкото лично име *Радин* или ж. л. име *Рада* + суф. *ин*).

**Радов Дол** – дол, с. Габревци; (од *Радо* + суф. -ов + *дол*).

**Радов Рид** – рид, с. Габревци; (од *Радо* + суф. -ов + *дол*).

**Радовец** – возвишение, с. Габревци; (од *Радо* + суф. *-овец*).

**Радославово Пасиште** – пасиште, с. Загорци; (од машкото лично име *Радослав* + суф. *-ов* + имеката *пасиште*).

**Рајковец** – чешма, с. Конче (од машко лично име *Рајко* + суф. *-овец*).

**Рајница** – пасиште, с. Гарван; (топоним образуван или со машкото лично име *Рајне* или со женското лично име Рајна + суф. -ица).

**Ракита** – ниви, с. Злеово; (топоним рамен на женското лично име *Ракида*).

**Ракитец** – извор, с. Злеово; (хидроним образуван од машкото лично име *Ракид* + суф. *-ец*).

**Ракичка** – река, с. Ракитец; (секундарно образување од *Ракитец* + суф. *-чка*).

**Раковец** – извор, чешма, с. Гарван; (хидроним образуван или со машкото лично име *Рако* или, пак, со зоонимот *рак* + суф. *-овец*).

**Раково** – месност, с. Лубница; (топоним образуван со машкото лично име *Рако* + суф. -ово).

**Ралевица** – нива, с. Гарван; (топоним образуван од хипокористичното машко лично име *Рале* изведено од Кирил, Радомил, Радослав, Радомир и сл. + посесивниот суфикс *-евица*).

**Раменчев Прелог** – шума, прелог, с. Долни Липовиќ.; (од машкото хипокористично име *Раменче* изведено од *Рамен* + суф. *-ев* + именката *прелог*).

**Растислав** – месност, с. Гарван; (топоним рамен на машкото лично име *Растислав*).

**Ратешец** – месност, с. Лубница; (топоним образуван од машкото лично име *Ратеш* + суф. *-ец*).

**Раткова Чука** – рид, ниви, с. Конче; (од м. лично име Ратко + суф. *-ов* + именката *чука*).

**Рецеповска Воденица** – воденица, с. Долни Липовиќ; (од . тур. лично име *Рецеп* + *-овска* + *воденица*).

**Рецеповско** – Рецеповски имот, ниви; (од м. име *Рецеп*, овде: секундарно образуван топоним), с. Долни Липовиќ.

**Ризваница** (дијал.) – ниви во с. Злеово; (од м. лично име *Ризван* + суф. *-ица*).

**Ризванка** // Ризваница – ниви, с. Злеово; (од м. име *Ризван* + суф. *-ка*).

**Рисачко Лозе** – месност, Радовиш; (од м. лично име *Рисак*).

**Ристанова Корија** – шума, с. Лубница; (од м. лично име *Ристан* + суф. *-ов* + именката *корија*).

**Ристичкова Нива** – нива, с. Гарван; (од м. лично име *Ристичко* + суф. *-ов* + именката *нива*).

**Ристо Божинова Варница** – варница во м. Ваково, с. Горни Липовиќ.

**Ристо Василево Лозѓе** – лозје, с. Габревци.

**Ристо Витаново Лозје** – ископачено лозје во месноста Сеник, с. Лубница.

**Ристо Милев Бунар** – бунар во дворот на Ристо Милев во Долна Маала (Река), с. Дедино.

**Ристо Милева Варница** – варница во Techинска Река, с. Дедино.

**Ристо Ристов Бунар** – бунар во дворот на Ристо Ристов во Долна Маала, с. Дедино.

**Ристо Стојанова Варница**[1] – варница во м. Ваково, с. Горни Липовиќ.

**Ристо Стојанова Варница**[2] – варница во дворот на Ристо Стојанов, с. Горни Липовиќ.

**Ристо Филипова Вагленарница** – јагленарница на Ристо Филипов, с. Лубница.

**Ристово Кладенче** – извор, с. Дедино; (од м. лично име *Ристо* + суф. *-ов* + *кладенче*).

**Ристово Лозје** // Шпалир – лозје во Конечки Дол, с. Конче; (од м. лично име *Ристо* + суф. *-ов* + *лозје*).

**Ружа** – бавча, с. Горни Липовиќ; (според *ружа* или женското лично име *Ружа*).

**Руждица** – нива, с. Долни Липовиќ; (според женското лично име *Ружда* + суф. -ица).

**Рујковица** – чешма, извор, с. Лубница; (од машкото лично име *Рујко* + суф. *-овица*).

**Рујковица Пат**[1] – пат за с. Габревци, с. Лубница; (од машкото лично име *Рујко* + суф. *-овица*).

**Рујковички Пат**[2] – пат за Рујковица, с. Лубница; (според *Рујковица*).

**Руљовица** – пошумена месност, с. Дедино; (според хипокористичното м. лично име *Руљо* + суф. -овица).

**Руса** – ливада во Лакавица кај Браната, с. Гарван; (топоним рамен на женското лично име *Руса*).

**Руса Манастирче** – месност, с. Гарван; (од женското лично име *Руса*).

**Русалинкина Бавча** – бавча на некојаси по име Русалинка, с. Гарван; (според хипокористичното женско личо име *Русалинка* + суф. *-ина* + *бавча*).

**Русов Дол** – дол, шума, с. Дедино; (од хипокористичното машко личо име *Русо* + суф. *-ов* + дол).

**Рушем Бегов Ан** – стар локалитет во градот Радовиш на којшто имало ан; (*Ан на бегот Рушем*).

Матријалот е собиран летото во 1998 година.

Скопје 18. февруари 2023 година.